**Препораки од Европската Конференција за сексуалната работа, човекови права, труд и миграција - Брисел 2005**

Следниве препораки се формулирани од страна на сексуалните работници и нивните сојузници.
Тие ги содржат клучните препораки за заштита на човековите права на сексуалните работници, насилството врз нив, нивните работнички права, миграција и трафикирање.
Ова е резиме на главните препораки. Целосниот список е вклучен во нашиот извештај и се користи во нашите заложби и лобирање за правата на сексуалните работници во Европа.

## Политики околу проституцијата

Политиките кои имаат за цел да ја направат сексуалната работа невидлива и кои ги исклучуваат сексуалните работници од јавни места, ја зајакнуваат стигмата, општественото исклучување и ранливоста на сексуалните работници.
Ги отфрламе двојните морални стандарди кои дозволуваат проституција само доколку е скриена. Сите закони и мерки со кои сме потценети и ни се ограничува само-определувањето треба да бидат укинати. Сексуалните работници имаат право на претставување. Тие треба да бидат дел од сите дискусии за закони, политики и мерки кои влијаат врз нивните животи.
Само-организацијата на сексуалните работници треба да се поддржи.

## Правата на сексуалните работници се човекови права

Владите треба да ги заштитат човековите права на сите сексуални работници – мажи, жени и транссексуалци, мигранти и домашни. Тоа се вообичаени и општоприфатени права кои се однесуваат на сите граѓани и кои владите веќе се обврзале да ги заштитуваат, но кои им се одбиени на сексуалните работници.

## Сексуалната работа е работа

Сексуалната работа претставува работа и професија, и сексуалните работници се работници и мораат да се признаат како такви.
Бараме заштита на нашиот труд, социјални и човекови права и да сме на еднакво рамниште со останатите работници, особено по однос на социјалните права како што е правото на пристап до социјално осигурување, здравствена грижа и минимална плата.
Сексуалните работници, вклучувајќи ги и мигрантите, треба да можат да работат законски.

Владите треба да овозможат безбедни и здрави работни услови за сексуалните работници, слично на другите работници. Задолжителните медицински проверки и задолжителното регистрирање во полиција, на кои само сексуалните работници се подложени, и другите дискриминаторски мерки е потребно да се укинат.

**Насилство врз сексуалните работници**

Сексуалните работници треба да имаат право на обединување и заедничка работа со цел да се заштитат од насилство. Законите со кои на сексуалните работници им се забранува заедничка работа треба да се укинат.
Сексуалните работници треба да имаат право на поддршка и заштита кога се соочени со насилство, независно од нивниот имиграционен статус.

**Правата на мигрантите се човекови права**

ЕУ треба да интегрира оцена на влијанието врз човековите права во сите политики и програми за заштита од трафикирање со цел да се заштитат и промовираат правата на сексуалните работници-мигранти и жртвите од трговија со луѓе.
Со цел да се заштитат нивните човекови права, а особено правото на правна заштита, ЕУ треба да им издаде на сексуалните работници-мигранти и тргуваните луѓе соодветни дозволи за престој со цел да им се обезбеди ефективен пристап до правни мерки и лекови.
Сексуалните работници-мигранти и тргуваните лица, независно од нивниот имиграционен статус, треба да имаат пристап до служби за поддршка, вклучувајќи и сместување, едукација, професионална обука, психо-социјално советување и правна помош, се со цел да се заштитат нивните права.

## Историја на Конференцијата и препораките

Како одговор на сé порепресивните закони, политики и пракси во цела Европа, една мала група сексуални работници и нивни пријатели се собраа во Холандија во 2002 со цел да организираат конференција на која сексуалните работници ќе добијат простор да се изјаснат за своите проблеми. Оваа мала група објави повик до сексуалните работници низ Европа и до сите проекти за сексуална работа и застапници на правата на сексуалните работници со молба да им се придружат. Се оформи Организациски Комитет, чиј поголем дел од членството беа сексуални работници. Како правно тело, Меѓународниот Комитет за правата на сексуалните работници во Европа, беше создаден со цел да се соберат фондови и да се организира конференцијата.

Комитетот одлучи дека со конференцијата сака не само да им даде можност на сексуалните работници да се искажат, туку и да создаде алатки кои сексуалните работници ќе можат да ги користат во одбрана на своите права низ Европа и да воспостави сојузништва со организациите за човекови права, работни права и за мигранти. Во текот на конференцијата се организираа работилници во кои сексуалните работници и нивните сојузници ги споделуваат своите искуства, знаење и стручност при анализирање на реалноста на работата на сексуалните работници низ Европа. Од овие работилници произлегоа неколку препораки.




**Овие препораки беа елаборирани и усвоени од 120 сексуални работници и 80 нивни сојузници од 30 земји, за време на Европската Конференција за сексуална работа, човекови права, труд и миграција, одржана на 16 Октомври 2005 и презентирана на третиот ден од конференцијата, водена од Моника Фрасони, Италијански член на европскиот парламент, Зелени – Европска слободна алијанса во Европскиот Парламент, на 17 Октомври 2005.**

**Иднината**

Препораките ќе се дистрибуираат низ Европа и преку вебсајтот sexworkeurope, првично на Англиски. Сексуалните работници го преведуваат овој документ и на Француски, Германски, Руски и Шпански (другите јазици на конференцијата). Се надеваме дека во иднина ќе организираме превод и на другите јазици кои се користат во Европа.

За повеќе информации посетете го www.sexworkeurope.org или на адресата info@sexworkeurope.org
Поштенски фах 51319, 1007 EH Амстердам, Холандија